ОРГАНИЗАЦИЈА, ПРОСТОР И ОПРЕМУВАЊЕ НА СОВРЕМЕНА ЗАБОТЕХНИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА

Капушевска Б.[1], Бундевска Ј.[2], Даскалова М.[3]

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје, [1]Клиника за фиксна стоматолошка протетика
[2]Клиника за мобилна стоматолошка протетика
[3]МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Апстракт

Стремеж на секој стоматолог и забен техничар е да работи во современи услови кои ќе нудат современа и правилно изработена фикснопротетичка конструкција.

Цел на нашиот приказ е да понудиме основна помош на секој стоматолог, особено протетичар, при отворање на заботехничка лабораторија, а притоа да бидат задоволени сите ергономски услови за отворање на истата. Условите треба да се во согласност со Законот за отворање на заботехничка лабораторија во Р. Македонија.

Затоа, уште со втемелување на идејата за отворање треба да се внимава во однос на планот за опремување на техниката, самата организација и сите санитарно-хигиенски услови во лабораторијата.

Клучни зборови: лабораторија, ергономија во стоматологијата, заботехничка опрема

Вовед

Стремеж на секој стоматолог и забен техничар е да работи во современи услови кои ќе нудат современа и правилно изработена фикснопротетичка конструкција. Само на таков начин можеме да го покажеме нашето познавање на работата, да ја задоволиме потребата и желбата на пациентот, а воедно да се доближиме и до најсовремените трендови за работа во светот.

Водејќи сметка за сите горенаведени услови, протетичарот никогаш нема да падне во колизија сам со себе и со пациентот, бидејќи на таков начин тој е во согласност со сите ергономски побарувања што се основно начело за задоволителни услови во лабораторијата.

Цел на нашиот приказ е да понудиме основна помош на секој стоматолог, особено протетичар при отворање на заботехничка лабораторија, а притоа да бидат задоволени сите ергономски услови во согласност со Законот за отворање на заботехничка лабораторија во Р. Македонија.

Стандарди за опремување на современа заботехничка лабораторија

Проблемот за секој протетичар чија желба е да бидат задоволени сите основни начела од Законот за отварање на заботехничка лабораторија, започнува уште од почетокот, со раѓањето на идејата за остварување на желбата. Затоа, уште со втемелување на идејата, треба да се заземе

Макед. Стоматол. Преглед 2004; 28 (1–4): 110–113.

насока за исполнување на сите барања во Законот (3). Имено, треба да се внимава на техничкото опремување на лабораторијата, организацијата во лабораторијата, со сите задоволени санитарно-хигиенски услови во неа.

При планирање на техничкото опремување на лабораторијата од битно значење е просторот кој ќе биде опфатен. Потребен простор е квадратура од минимум 32 м², кој треба да биде поделен во три простории: просторија за обработка и чување на гипс, просторија за нечиста работа и просторија за фина обработка (за моделирање).

Првата просторија за обработка и чување на гипс треба да биде просторија од минимум 6 м², и да биде опремена со специјални пултови на кои ќе се подготвува гипсот. За негово чување се задолжителни шкафчиња или фиоки кои се затвораат, со цел да нема ни најмала промена во структурата на гипсот. Материјалот од кој се изработени пултовите е пластифициран, односно мебел кој лесно се брише. Подот на оваа просторија треба да биде, исто така, од материјал кој лесно се брише и одржува: винајс плочки, мушама или керамички плочки. Висината на ѕидот треба да е 2,5 м, а по можност и тој треба да биде поплочен.

Втората просторија за нечиста работа е од особена важност за здравјето на самиот работник, имајќи предвид дека основни ергономски принципи при отворањето на заботехничката лабораторија се заштеда на жива сила и време (1). При изведба на оваа просторија, имајќи предвид дека таа служи за нечиста работа, односно фазите на вложување и леење на протетичките изработки, треба да се внимава на вентилацијата. Најдобро и најевтино е таа да биде природна, односно просторијата да има прозор. Доколку материјалната страна на основачот на лабораторијата дозволува, можно е и вградување на филтри за прочистување на воздухот, а овие се задолжителни, доколку природна вентилација не постои. Што се однесува до опременоста на просторијата, таа не се разликува од претходната просторија, бидејќи и оваа просторија треба лесно да се чисти и одржува. За исполнување на ергономските принципи во лабораторијата, од особено значење е заштитата на протетичарот при изведување на работата. Имено, потребно е задолжително користење на заштитни одела, очила и маски. Со користење на овие заштитни средства се штити човекот што работи, а со тоа се врши заштеда на време и материјал во лабораторијата.

Просторијата за фина обработка бара услови за прецизна работа. Моделацијата на протетичката изработка е креативна работа, која од првиот момент бара од техничарот идеја. За да се оствари таа идеја, условите за работа треба да се во согласност со ергономските начела за отварање на лабораторијата. Оваа просторија треба максимално да е осветлена со природна светлина. Во услови на намалена видливост, како додаток е потребна и халогена лампа. Доколку лабораторијата е за индивидуално работење, тогаш постои само едно заботехничко работно место, а ако е за групно работење, потребни се боксови за работење, за да се исклучи меѓусебно нарушување на работата. Во оваа просторија ѕидовите секогаш треба да бидат бојадисани со бои кои ги прекршуваат светлосните зраци под агол од 45°, а тоа се: бела, крем и светло сина боја. Подот треба де е од материјал со светла боја и лесно да се одржува. Само со запазување на сите овие ергономски принципи ќе има правилно функционирање на лабораторијата.

Според законот на Р. Македонија, постојат одделни начела кои мораат да бидат регулирани заради правилна организација на заботехничката лабораторија. Самата организација се спроведува со исполнување на сите барања за поседување на опрема за работа, која е поделена во групи по комплети за работа: (сл. 1), (сл. 2) (2)

1. Комплет опрема за класични протези
   - заботехничка маса
   - стол со наслон што се врти
   - технички мотор за обработка на мет-



Слика 1. *Потребна опрема за вашата заботехничка лабораторија*

али и протези со насадни инструменти
- извор на топлина- пламеник или шпиритус лампа
- нож за гипс
- ножеви за восок
- 2 крампон клешти
- шоља за гипс
- шпатула за гипс
- сад за мешање на акрилат
- 2 технички пинцети (права и крива)
- 4 кивети за полимеризација
- 2 стегачи за кивети
- 12 артикулатори



Слика 2. *Организација на просторот во заботехничка лабораторија со природно осветлување;*

- апарат за преварување на восок
- апарат за полимеризација на протези или решо со сад
- преса за стегање на кивети
- полирмотор
- апарат за обрежување на модели
- апарат за вакуумско мешање
- вибратор

2. Комплет опрема за метал (коронки и мостови)
   - апарат за чистење на излеаните објекти
   - апарат за избивање на кивети
   - кивети за вложување и загревање на метални комплети
   - печка за жарење
   - печка за предгревање
   - апарат за леење на метал
   - апарат за полимеризација- ивомат
   - прецизна вага за мерење на метали
   - пескара
   - компресор
   - прирачна каса

3. Комплет опрема за керамика
   - вакуумска печка за керамика
   - прибор за нанесување на керамика
   - постели за лиење на керамика
   - лупа во светилка

4. Комплет опрема за фрез техника
   - апарат за фрезување
   - комплет инструменти за фрезување

5. Комплет опрема за визил
   - сушара
   - печка за жарење
   - апрат за лиење
   - апарат за електролиза
   - кивети за желатин
   - пункт-апарат
   - мотор за сечење на лиени колчиња
   - апарат за топење на желатин
   - апарат за натопување на модели

6. Потребен мебел
   - техничка маса со мотор и лампа
   - стол со наслон
   - работен пулт
   - орман за отпечатоци
   - орман за гардероба
   - столна лампа
   - орман за чување на потрошен материјал.

После многу консултации со колеги кои отвориле заботехничка лабораторија, а и по следењето на литературни податоци од оваа област, можеме со сигурност да заклучиме дека само протетичар кој отвара своја заботехничка лабораторија на „широка врата", односно со задоволување на сите ергономски побарувања, принципи и начела според законот на Р. Македонија, нема да падне во колизија со самиот себе, со пациентот и со Законот. Само на таков начин ќе има функционално единство меѓу забниот техничар, лекарот, пациентот и изработената протетичка конструкција, а крајната цел на секој основач е еднаш изработената конструкција, да ги задоволи сите желби на пациентот. Со ова, ергономијата во заботехничката лабораторија е присутна. Постои: заштеда на жива сила, материјал и време.

ORGANISATION, SPACE AND INVENTORY OF A CONTEMPORARY DENTAL LABORATORY

Kapusevska B., Bundevska J., Daskalova M.

Abstract

The ideal of every dentist and dental technician is to work in a contemporary surrounding, which will provide modern and precisely made prosthetics construction.

The aim of this study is to give a basic help to every dentist, especially to prosthodontist, in a process of establishing dental laboratories with all required ergonomic conditions. The ergonomic conditions should be in correlation with the Law for establishing of Dental Laboratories in Republic of Macedonia.

Because of that, during the establishment of a dental laboratory, its organisation and inventory must be done in correlation to required sanitarian conditions, in order to satisfy the laws.

Key words: laboratory, ergonomy in dentistry, inventory in dental laboratory

Литература

1. Даштевски Б. Б., Вовед во стоматологијата, Југореклам, Скопје , 1995;
2. Каталог, 2003, Интердент, 25 години;
3. Правилник за поблиски просторни услови, опрема и кадар, за почнување со работа на здравствени организации, број 11, 1992;